septemvri 03, 2021

Гостиварец пукал кон соселани кои се враќале од погреб, еден ранет



Илустрација

Помлад жител на гостиварското село Ѓурѓевиште со пиштол пукал во група луѓе кои се враќале од погреб, при што едно лице е полесно рането. Инцидентот се случил вчера околу пладне, информира СВР Тетово. Полицијата трага по него и засега не се знаат мотивите кои го предизвикале инцидентот.

- Две банди владеат со скопското подземје

Според полициското билтен 23 годишниот гостиварец од Ѓурѓевиште, од возило во движење пукал од пиштол повеќе пати кон луѓе кои се враќале од погреб. Со полесна телесна повреда се здобил 46 годишен маж жител на истото село, на кој му е укажана помош во гостиварската општа болница „Ферид Мурад“.

- Политичката битка за власт како криминалистичка серија

Полициксите екипи извршиле увид, а на местото на настанот се пронајдени и подигнати за вештачење две чаури и еден проектил. Според новинската агенција МИА неофицијално, на оружениот инцидент му претходеле нерасчистени односи помеѓу осомничениот за пукање и дел од луѓето кои биле во групата. Вооружениот напаѓач побегнал и по него трага полицијата.

видi ги сите денешни вести

septemvri 03, 2021

722 нови случаи на ковид позитивни и 26 починати

Мултимедија


Јапонски дипломат има „оригами Инстаграм“

Кинески рудник во Бор ги уништува околните села

Скопски поетски фестивал: квалитетна култура наспроти кич и шунд

Од Скопје, преку облаците, цели кон НАСА

Бајден објави крај на американските „бескрајни војни“

Најпопуларно

Најчитани

1. Дваесет и едногодишното момче од Тетово починало по десет дена лекување од ковид-19, немало претходни болести (7425)
2. Вкупно 37 починати и 870 новозаразени со ковид-19 (4676)
3. СДСМ со нови кандидати за Куманово, Струмица, Битола и скопскиот Центар (4350)
4. МЗ: Починатиот 24 годишник од Ресен со масивна бронхопневмонија се испишал од болница (4063)
5. Пожар во зграда во Аеродром, експлодирале две плински боци (3936)

Најгледани

Илустрација

Во последните 24 часа се направени 5.865 тестирање, а регистрирани се 722 нови случаи на КОВИД-19, соопшти Министерството за здравство, согласно податоците од Институтот за јавно здравје.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Дачиќ: Вучиќ да биде заеднички кандидат за претседател

Архивска фотографија - Александар Вучиќ и Ивица Дачиќ

Српската напредна партија (СНС) и Социјалистичката партија на Србија (СПС) се согласија да ја продолжат соработката по изборите распишани во Србија за 2022 година, рече претседателот на СПС, Ивица Дачиќ, на 3-ти септември.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Република Српска со закон и казни ќе ја зачувува употребата на кирилицата

Илустрација - Натпис на српски јазик, на кирилица и на латиница, како и на англиски јазик, на влезот од Народното собрание на Република Српска - Бања Лука, 3 септември 2021

Владата на Република Српска (РС) го одобри Предлог-законот за заштита, зачувување и употреба на јазикот на српскиот народ и кирилицата, по итна постапка.

прочитај повеќе

septembri 03, 2021

Во Србија уапсен и притворен македонски дипломат

Илустрација - Зградата на Министерство за надворешни работи

Министерството за надворешни работи (МНР) потврди дека еден вработен во Министерството, кој во моментов е упатен во нашата Мисија во ОБСЕ во Виена, е притворен во Србија на 27 август 2021, за што Министерството за надворешни работи на Србија официјално ја известило македонската Амбасада во Белград.

прочитај повеќе

septembri 03, 2021

Грција ги продолжи рестриктивните ковид-услови за влез

Илустрација - Граничниот премин Евзони на македонско-грчаката граница

Грчката Влада одлучи да ги продолжи за уште една недела рестриктивните мерки за влез во Грција, а во однос на заштитата од ковид-19. И во наредните седум дена грчките власти на граничните премини ќе бараат документ поврзан со Ковид-19 и пополнет PLF формулар, а и понатаму ќе има и задолжително тестирање при пристигнувањето во земјата за оние кои од Македонија патуваат во Грција со негативен тест.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Не сме во предвремена кампања, сè е законски, тврди Заев

Зоран Заев

Премиерот Зоран Заев денеска изјави дека промовирањето на досега сработените проекти не се предизборна кампања за локалните избори, законот не е прекршен и сакаат да им предочат на граѓаните нешто позитивно на што се работело за време на пандемијата.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Пристигнаа првите читачи на отисоци нарачани за изборите

Првите 200 биометриски читачи пристигнаа во Македонија

Државната изборна комисија (ДИК) денеска ги презеде од германската компанија „Дермалог“ првите 200 уреди за биометриска идентификација на гласачи, т.н. фингер-принт читачи, кои ќе бидат употребени на претстојните локални избори. Во следниот период со овие терминали ќе се вршат обуките, а до 1 октомври треба да дојде и последната пратка и да се комплетира бројката на терминали и целосната дополнителна опрема.

„Прво ќе треба да се обучат обучувачи на тие избирачки одбори и поради тоа овие уреди ќе бидат полнети со фиктивни податоци од тие кои се присутни таму. Ќе се пробува како се ракува со нив за да може да бидат подготвени на денот на гласањето“, рече претседателот на ДИК Александар Даштевски.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

БиХ ќе мора да фрла ковид вакцини, им истекува рокот

Илустрација - Анти-ковид вакцинација во Мостар, БиХ, август 2021

Во Босна и Херцеговина (БиХ), која имаше големи проблеми со снабдување со вакцини против коронавирусот, сега ќе мора да уништи неколку стотици илјади дози затоа што за еден месец им истекува рокот за употреба.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Владата почна антикорупциска кампања: Сега се е јавно

Премиерот Заев и вицепремиерот Николовски

Владата од денеска почнува кампања „Сега се е јавно, корупцијата не се исплати“, која, како што претстави денеска премиерот Зоран Заев, е насочена кон целосно искоренување на оваа појава во општеството. Според него, станува збор за широка комуникациска кампања со цел да се информира јавноста за оваа појава и да се распознае и пријави корупцијата. Изработени се три спота во кои се претставени случаи на корупција и заштитните механизми, а ќе биде креирана и посебна интерактивна веб страница.

Премиерот Зоран Заев, кој денеска заедно со вицепремиерот задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси Љупчо Николовски ја промовираше кампањата, порача дека Владата и граѓаните се на иста страна во борбата против корупцијата.

„Не постои ситна или голема корупција, ниту пак различен пристап меѓу големата и малата корупција. Никој не е заштитен и мора со заеднички сили и со помош на граѓаните да се искорени оваа појава“, рече Заев.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Камчев останува во притвор, одбиена и втората гаранција

Јордан Орце Камчев пред Кривичниот Суд во Скопје

Бизнисменот Јордан Орце Камчев, обвинет во случајот „Плацеви на Водно“, останува во притвор во затворот во Шутка, откако Кривичниот совет во Основниот суд ја одбил понудената гаранција од 2 милиони евра. По оваа одлука одбраната на Камчев има право да поднесе жалба до Апелација, во рок од три дена, почнувајќи од вчера.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Вкупно 87 проценти од хоспитализираните не биле вакцинирани

Вакцинален сертификат

Од заразените со ковид-19 во изминатите четири недели дури 81 проценти не биле вакцинирани против вирусот, соопшти Министерството за здравство. Во објавената анализата за период од 06 август заклучно со 2 септември, се наведува дека во тој период со ковид-19 се заразиле 22.416 граѓани.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Борел-Нема да ја признаеме талибанската влада, но ќе соработуваме

Состанокот на министри за надворешни работи на земјите членки на ЕУ во Словенија

Европската унија не планира да ја признае новата влада на Авганистан, откако ќе биде објавена, но ќе се соработува со администрацијата предводена од Талибанците на „оперативна“ основа. Еврокомесарот за надворешна политика Жозеп Болер на денешната прес конференција изјави дека блокот од 27 држави ќе ги координира своите контакти со Талибанците преку заедничко присуство на ЕУ во Кабул за да ги надгледува евакуациите и да се осигура дека владата во Кабул ќе ги исполни обврските за безбедноста и човековите права.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Македонија на романската „црвена ковид листа“

Илустрација, Романија

Романија ја ажурираше „црвена листа“ на земји или области со висок епидемиолошки ризик од ковид-19 и таа стапува во сила на 5 септември. Според новата листа што ја состави романскиот Национален центар за надзор и контрола на заразни болести на црвената листа се најде и Македонија поради највисоката кумулативна стапка на инциденција на „Ковид-19“.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Заев- Можно е решение по формирање на нова влада во Бугарија до крајот на годинава

Премиерот Зоран Заев се надева дека по се поизвесните трети парламентарни избори во Бугарија ќе биде формирана нова бугарска Влада, со која ќе може да се разговара за да се најде решение и да се одблокира процесот на почеток на преговори на Северна Македонија за членство во Европската унија.
Тој одговарајќи на новинарско прашање изјави дека очекува до крајот на годинава да се заокружат прашањата кои преку патоказот се адресирани и кои што содржат гаранции преку рокови за зголемување на ефикасноста за реализација на Договорот за пријателство со Бугарија.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Се враќаат домашните летови во Авганистан

Авганистанската авиокомпанија Аријана Ерлајнс соошти дека од денеска ќе се стават во функција домашните летови. Менаџерот на компанијата Тамим Ахмади за новинската агенција Франс прес изјави дека добиле зелено светло од талибанците и воздухопловните власти и дека од денеска планираат да почнат со летови.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Европскиот центар за контрола на болести- Трета доза вакцини само за луѓе со ослабен имунитет

Европскиот центар за превенција и контрола на болести смета дека засега нема итна потреба од трета доза вакцина за општата популација. Оттаму препорачуваат дополнителни дози или „засилувачи“ за луѓе со ослабен имунолошки систем, во согласност со ставот на СЗО. Европскиот центар за превенција и контрола на болести наведува дека приоритет е да се вакцинираат оние кои не ја завршиле вакцинацијата. Дополнително во соопштението се наведува дека сите вакцини одобрени во ЕУ штитат од хоспитализација и тешки форми на ковид-19.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Во Русија за 82 долари донација бараат 4-годишна казна

Илмира Бикбаева

Руското обвинителството побарало од судот во рускиот град Уфа да донесе осудителна пресуда со четиригодишна казна затвор за жена која донирала малку пари на постарата мајка на затворениот опозициски активист. На денешното рочиште обвинителите побараа од судот да ја прогласат Илмира Бикбаева за виновна за финансиски поддршка на екстремизмот, откако таа испрати вкупно околу 6.000 рубљи или 82 долари во неколку наврати на мајката на Ајрат Дилмухаметов.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Царовска: Имаме 14 позитивни случаи кои немаат интерна трансмисија

Мила Царовска

Министерката за образование, Мила Царовска, денеска изјави дека нема заразени ученици во училиште.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

МЗ: Поголема смртност во градовите со малку вакцинирани

Илустрација - Вакцинирање против Ковид-19 во Скопје, август 2021

Во периодот од јули до крајот на август, епидемиолошките анализи покажуваат дека најголема смртност кај пациенти со ковид-19 имало во градовите каде имало најнизок процент на вакцинирано население, алармира денеска Министерството за здравство (МЗ). Во нивното соопштение е наведено дека во градовите како Гевгелија, Кавадарци, Ресен и Берово каде што опфатот со вакцинација е помеѓу 54-61 процент, бројот на починати е најмал, односно има по еден починат.

„Тетово, го пречека бранот само со 19 отсто вакцинирани граѓани во јули, таму имаше најголем притисок врз болниците, најголем број хоспитализирани пациенти и најголем број смртни случаи, 106 до крај на август. Последните недели драстично е зголемен интересот за вакцинација во Тетово и изнесува скоро 37 проценти„ се вели во соопштението од министерството.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Уште 7 дена јавен увид во Избирачкиот список

Илустрација

За седум дена истекува рокот за јавен увид во Избирачкиот список. Јавниот увид во Избирачкиот список може да се направи во подрачните единици и канцеларии на Државната изборна комисија и електронски преку веб страната на ДИК. До 1 септември вкупно 10 724 лица се провериле во Избирачкиот список, велат до Државната изборна комисија.

„Поднесени се вкупно 27 барања за запишување во Избирачкиот список, 23 барање за бришење на податоците од Избирачкиот список и 15 барања за измена на податоците во Избирачкиот список,“ посочија од ДИК.

прочитај повеќе

septemvri 03, 2021

Русија им се закани на Гугл и Епл доколку не ја отстранат апликацијата на опозиционерот Навални

Руската полиција приведува опозициски активист со плакат „Паметно гласање“ за време на протестот во центарот на Москва, 14 август 2021 година

Руските власти ги предупредија Епл и Гугл дека ќе бидат казнети доколку не ја тргнат од своите онлајн продавници апликацијата направена од соработниците на приведениот опозиционер Алексеј Навални. Надзорниот орган на Русија, Роскомнадзор соопшти дека доколку не биде отстранета, таквиот потег може да го протолкува како мешање во изборите во Русија. Апликацијата ја промовираше „Стратегијата за паметно гласање“, проект дизајниран за поддршка на опозициските кандидати.

прочитај повеќе

септември 03, 2021

Барадар ќе ја предводи новата авганистанска влада

Мула Абдул Гани Барадар

Коосновачот и политичкиот шеф на Талибанците, Мула Абдул Гани Барадар, кој се смета за релативно умерен во оваа исламистичка група, ќе ја предводи новата влада во Авганистан, цитира Ројтерс неколку извори. Изворите велат дека Мула Мохамад Јакуб, син на починатиот талибански основач и духовен водач Мула Мохамад Омар и Шер Мохамад Абас Станекзаи, член на политичката канцеларија на Талибанците во Доха, ќе преземат високи позиции во владата.

прочитај повеќе

септември 03, 2021

Косовската опозиција бара скратување на кампањата за локалните избори

Во последните пет дена на Косово, 136 лица починаа од коронавирус. Приштина, 31.08.2021.

Лидерите на опозициските партии Мељи Красниќи, Љумир Абдиџику и Рамуш Харадинај се согласуваат дека изборната кампања за локалните избори во Косово, закажани за 17 октомври, треба да се скрати. Во писмо до политичките партии, лидерот на Демократската алијанса на Косово, Абдиџику, побара изборната кампања да се скрати од 30 на 10 дена поради сериозната ситуација со пандемијата. Лидерот на Алијансата за иднината на Косово, Харадинај, изјави дека кампањата треба да се скрати на само пет дена, додека лидерот на Демократската партија на Косово, Красниќи, посочи дека прашањето за скратување на изборната кампања се разговарало во претседателството на партијата. „Верувам дека секој, без разлика, треба да му даде приоритет на јавното здравство“, изјави Красниќи.

прочитај повеќе

септември 03, 2021

Јапонскиот премиер Суга објави оставка по само една година на функцијата

Јапонскиот премиер Јошихиде Суга

Јапонскиот премиер Јошихиде Суга изјави денеска дека нема да се кандидира за раководство на владејачката Либерално -демократска партија (ЛДП) на крајот на септември, со што ја напушта функцијата премиер по само една година. ЛДП има мнозинство во парламентот, што значи дека новиот премиер најверојатно ќе биде лицето што ќе биде избрано за лидер на партијата. Суга наиде на критики и во исто време голем пад на поддршката поради бавното спроведување на мерките против коронавирусот и одржувањето на Олимпијадата во Токио, и покрај грижите за јавното здравје.

прочитај повеќе

Вчитај повеќе

Радио Слободна Европа / Радио Слобода. Сите права се резервирани